DigiRUR

# 5 (пет) целосни стипендии за европска едукативна програма за промовирање на активно граѓанство, креативно учење и претприемништво кај младите

Во рамките на Еразмус+ проектот **DigiRUR** – Бидете успешни во дигиталната ера во руралните средини, Институтот **ИЕГЕ доделува 5 (пет) целосни стипендии**, за заинтересирани кандидати кои ќе имаат можност да учествуваат во **професионална европска едукативна програма за промовирање на активно граѓанство, креативно учење и претприемништво кај младите** кои одлучуваат да останат, работат и создаваат во руралните средини.

Заинтересирани кандидати ќе имаат можност да учествуваат во интерактивна настава водена од *искусни предавачи од Северна Македонија, Грција, Бугарија, Кипар, Шпанија и Португалија* со примена на иновативни практики и современи алатки.

Програмата е дел од проектот DigiRUR чија цел е да се *поттикнат претприемачките вештини на младите во руралните средини.* Проектот ќе овозможи бесплатен пристап до едукативни материјали за рурално претприемништво и дигитално усовршување и обуки за млади лица во руралните средини.

**Критериуми за учество во програмата се:**

- Завршено средно или високо образование во различни области;
- Одлично познавање на англиски јазик;
- Одлично познавање на работа со компјутери (систем на е-учење);
- Млади на возраст од 18 до 29 години;
- Желба за учење, изградени способности за тимска работа и за комуникација.

**Предност ќе имаат:**

- Млади од рурални средини.

Доколку сакате да бидете дел од едукативната програма, Ве молиме аплицирајте со поплнување на електронската форма на линкот во прилог **https://docs.google.com/forms/d/e/1FAIpQLSeq6gBqxDAXuS3H8_IxN81CtYCHxcONw7lGhya2KDddL4Ev1A/viewform?fbzx=4671507042484869403** најдоцна до **15 април 2023** година.

Подетални информации за едукативната програма и распоредот можете да најдете во воведот на формата.

ИЕГЕ
ИНСТИТУТ ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ ВО ЖИВОТНА СРЕДИНА ГРАДЕЖНИШТВО И ЕНЕРГЕТИКА

Funded by the Erasmus+ Programme of the European Union